| **MK-OCC-119/24** | RCF | T-029 | Incident | ATM: ATM/CNS | FIR Skopje | 12/9/2024 |
| **MK-OCC-120/24** | HLR777 се изгуби од радар на околу една минута | T-030 | Incident | ATM: ATM/CNS | FIR Skopje | 12/12/2024 |
| **MK-OCC-121/24** | Неиздавање на NOTAM | V-020 | Incident | OTHR: Other | | 12/12/2024 |
| **MK-OCC-122/24** | Судир на воздухоплов со диви животни/<br><br>Wildlife strike | TAV-042 | Incident | WILD: Collision Wildlife | LWSK | 12/15/2024 |
| **MK-OCC-123/24** | Музика во позадина на фреквенција 119.375/<br><br>Music distraction | T-031 | Incident | ATM: ATM/CNS | FIR Skopje | 12/24/2024 |
| **MK-OCC-124/24** | Проблем со притисок во кабина | A-040 | Incident | CABIN: Cabin safety events | FIR Skopje | 12/30/2024 |
| **MK-OCC-125/24** | Непридржување до clearance | A-033 | Incident | NAV: Navigation error | | 9/20/2024 |
| **MK-OCC-126/24** | Можен конфликт на балон со SID | V-016 | Not determined | OTHER: Other | | 9/23/2024 |
| **MK-OCC-127/24** | На работна позиција APP EXE се исклучи сигналот, празен екран (energy saver) | T-021 | Incident | ATM: ATM/CNS | ANSP Skopje | 9/20/2024 |
| **MK-OCC-128/24** | Предупредување во системот /<br><br>Warning in system | T-022 | Not determined | ATM: ATM/CNS | | 9/22/2024 |
| **MK-OCC-129/24** | Флеки од масло/<br><br>Oil stain | TAV-043-SR | Not determined | FUEL: Fuel related | LWSK – Apron | 11/16/2024 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **MK-OCC-130/24** | Флеки од масло/<br><br>Oil Stain | TAV-044-SR | Not determined | FUEL: Fuel related | LWSK - Apron | 11/22/2024 |
| **MK-OCC-131/24** | Невнимателно возење | TAV-045-SR | Not determined | OTHER: Other | LWSK – Cargo | 11/26/2024 |
| **MK-OCC-132/24** | Ненајавени параглајдерски активности | MVR-001/A-038 | Incident | OTHER: Other | Ohrid | 10/17/2024 |

# 7. ГРАФИЧКИ И ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ВКУПЕН БРОЈ НА НАСТАНИ ЗА 2024 ГОДИНА, КЛАСА И КАТЕГОРИЈА

| | |
|---|---|
| **Jan** | 6 |
| **Feb** | 4 |
| **Mar** | 5 |
| **Apr** | 15 |
| **May** | 9 |
| **Jun** | 12 |
| **Jul** | 22 |
| **Aug** | 13 |
| **Sep** | 17 |
| **Oct** | 5 |
| **Nov** | 16 |
| **Dec** | 8 |
| **Total** | **132** |

**Прикажан е графички приказ на вкупниот број на настани кои се пријавени и обработени во системот ECCAIRS за 2024 година. Вкупниот број на пријавени настани во согласност со системите за задолжително и доброволно пријавување на настани е 132.**

**Најголем број на пријавени настани се во месец јули, вкупно 22, кога и обемот на сообраќај низ аеродромите во државата е зголемен.**






## Статистички и графички приказ по класа на настани за 2024 година

На табелата подолу е прикажана класификацијата на настаните во Агенцијата за цивилно воздухопловство од кои, 1 е класифициран како сериозен инцидент (Serious incident), 3 се класифицирани како значаен инцидент (Significant Incident), 90 се класифицирани како инциденти (Incident), 2 се настани без ефект по безбедност (Occurrence without safety effect), а за 36 настани класата не е одредена (Not determined).

Вкупно останати отворени настани се 7, од кои еден е сериозен инцидент кој се истражува од страна на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти - КИНСИВ. До Агенцијата за цивилно воздухопловство за настанот доставен е прелиминарен извештај од страна на КИНСИВ, во согласност со законските временски рамки.

| Occurrence Class | Total |
|---|---|
| Incident | 90 |
| Not determined | 36 |
| Occurrence without safety effect | 2 |
| Serious incident | 1 |
| Significant incident | 3 |
| Grand Total | 132 |
| Occurrence Class | Total |

## Статистички и графички приказ по категорија на настани за 2024 година

На графикот и табелата подолу е прикажана категоризацијата на настаните, од каде може да се заклучи дека најмногу пријавени настани се категоризирани со категоријата BIRD: Birdstrike – судир со птица, 39 настани. Со категорија ATM: ATM/CNS категоризирани се вкупно 38 настани, а настани поврзани со сигурноста категоризирани како SEC: Security related, се вкупно 11.

Оваа година за разлика од претходните години најмногу се пријавувани настани со категорија BIRD: Birdstrike за кои детално во овој документ ќе биде изработен статистички и графички приказ.




| Row Labels | Count of File number |
|---|---|
| ADRM: Aerodrome | 5 |
| AMAN: Abrupt maneuvre | 1 |
| ATM: ATM/CNS | 38 |
| BIRD: Birdstrike | 39 |
| CABIN: Cabin safety events | 1 |
| CTOL: Collision with obstacle(s) during take-off and landing | 1 |
| FUEL: Fuel related | 3 |
| MAC: Airprox/ ACAS alert/ loss of separation/ (near) midair collisions | 6 |
| MED: Medical | 1 |
| NAV: Navigation error | 6 |
| OTHR: Other | 14 |
| RI: Runway incursion - vehicle, aircraft or person | 1 |
| SCF-NP: System/component failure or malfunction [non-powerplant] | 3 |
| SCF-PP: powerplant failure or malfunction | 1 |
| SEC: Security related | 11 |
| WILD: Collision Wildlife | 1 |
| Grand Total | 132 |

# 8. ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ ПО ТИП НА ПРИЈАВА НА НАСТАН 2024 ГОДИНА

## Анализа на настани, статус по тип на пријава ANS

**ANS**

| | |
|---|---|
| **Jan** | 4 |
| **Feb** | 1 |
| **Mar** | 2 |
| **Apr** | 6 |
| **Jun** | 5 |
| **Jul** | 5 |
| **Aug** | 4 |
| **Sep** | 6 |
| **Oct** | 3 |
| **Nov** | 2 |
| **Dec** | 1 |
| | |

На табелата подолу е прикажан бројот на пријави од категорија ANS. Како што може да се види од приказот подолу има, вкупно 39 настани.



## Анализа на настани, статус по тип на техничка пријава CNS

На табелата е прикажан бројот на пријави од категорија CNS, технички настани Како што може да се види од приказот има вкупно 31 технички настан.

| CNS | |
|---|---|
| Mar | 1 |
| Apr | 3 |
| May | 2 |
| Jun | 2 |
| Jul | 6 |
| Aug | 2 |
| Sep | 6 |
| Oct | 2 |
| Nov | 2 |
| Dec | 5 |



## Анализа на настани, статус по тип на пријави од ТАВ аеродроми

На графикот и табелата се настаните пријавени од ТАВ аеродроми кои се вкупно 45. Може да се заклучи дека бројот на пријави од ТАВ аеродромите е значително зголемен за разлика од бројот на пријави од ТАВ аеродромите во изминатите години.

| TAV | | |
|---|---|---|
| **Jan** | | **2** |
| **Feb** | | **1** |
| **Apr** | | **4** |
| **May** | | **6** |
| **Jun** | | **3** |
| **Jul** | | **9** |
| **Aug** | | **7** |
| **Sep** | | **2** |
| **Nov** | | **10** |
| **Dec** | | **1** |



## Анализа на настани, статус по тип на доброволни пријави

На табелата подолу се прикажани волонтерските, доброволни пријави за настани чиј вкупен број е 17 настани.

| Voluntary | | |
|---|---|---|
| Jan | | 1 |
| Feb | | 2 |
| Mar | | 2 |
| Apr | | 2 |
| May | | 1 |
| Jun | | 2 |
| Jul | | 2 |
| Sep | | 3 |
| Nov | | 1 |
| Dec | | 1 |
| Total | | 17 |



## Анализа на настани поврзани со судир со птици (BIRD: Birdstrike)

Во 2024 година до Агенцијата за цивилно воздухопловство пријавени се вкупно 39 настани поврзани со судир со прици, од кои три на меѓународниотАродромот Св. Апостол Павле Охрид (LWOH) и триесет и шест на меѓународниот Аеродром Скопје (LWSK). На графичкиот *Приказ 1* процентуално е пресметана фрекфентноста на овие настани во 2024 година, додека *Приказ 2* го прикажува вкупниот бројот на судир со птици за секој месец во година за кои е добиена безбедносна пријава. Може да се забележи дека фрекфентноста е зголемена во летниот период што се должи на временските услови и зголемениот број на летови на двата меѓународни аеродроми.

| Локација | Број на настани |
|---|---|
| **Аеродром Охрид** | 3 |
| **Аеродром Скопје** | 36 |
| **Вкупно:** | 39 |




*Приказ 1*



Согласно фазата на летот најмногу настани се случувале за време на полетување, односно петнаесет, а најмалку за време на маневрирање, односно еден. *Приказ 2* дава слика на тоа во која фаза на летот се случиле настаните поврзани со судир на птици во 2024 година.




*Приказ 2*

# 9. ИЗВЕШТАИ СО КОРЕКТИВНИ ДЕЈСТВИЈА ОД ВОЗДУХОПЛОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

На табелата подолу е листата од испитани настани од воздухопловната индустрија, како и подетални предложени корективни дејствија.

***Испитани настани од воздухопловна индустрија,***

***опис на корективните дејствија за 2024 година***

| *File number* | **Report identification** | **Occurrence category** | **Occurrence class** | **UTC date time** |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-006/24* | **A-004** | MAC: Airprox/ ACAS alert/ loss of separation/ (near) midair collision | Significant incident | 2/12/2024 7:02 AM |
| *Corrective action / Корективни дејствија M-NAV* | | | | |
| *Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Во извештајот се дадени препораки за презентирање на случајот на наредниот теоретски дел од обуката за освежување на знаење како потенцијален случај кој исклучува недоразбирање помеѓу пилотот и контролорот на летање. По класификација, настанот е класифициран како неодреден и се случува ретко. Доставен доказ до АЦВ дека препораката е спроведена.* | | | | |
| *MK-OCC-007/24* | **A-005** | RI: Runway incursion - vehicle, aircraft or person<br>NAV: Navigation error | Incident | 1/22/2024 5:30 PM |
| *Corrective action / Корективни дејствија M-NAV* | | | | |
| *Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Не се дадени препораки со кој што би се спречило повторување на настанот. Класификацијата на настанот е значаен инцидент кој се случува ретко.* | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-027/24* | **A-015** | MAC: Airprox/ ACAS alert/ loss of separation/ (near) midair collisions | Incident | 6/12/2024 10:42 AM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот и испитан и е доставен извештај до АЦВ. Дадена е препорака на следниот симулатор за обласни контролори на летање, инструкторите да обрнат внимание на scanning-от на некорелираните одрази при зголемен обем на работа. Настанот е класифициран како многу малку документирани склични инциденти кога се зема во предвид голем обем на сообраќај или без документирани слични инциденти во мал обем на сообраќај.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-054/24* | **A-024** | MAC: Airprox/ ACAS alert/ loss of separation/ (near) midair collisions | Significant incident | 8/20/2024 6:25 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот и испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препораки од настанот кои се однесуваат на работата на контролорите на летање нема. Настанот не е класифициран поради сообраќајната ситуација била со умерен интезитет, но имало сложени метео услови.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-066/24* | **A-032** | Not determined | OTHR: Other | 9/15/2024 12:28 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот и испитан и е доставен извештај до АЦВ. Дадени се препораки да се одржуваат оперативни состаноци како со соседната контрола на летање од настанот, така и со другите соседи со цел навремено споделување на оперативните информации. Настанот е класифициран како значаен инцидент и во однос на фрекфентноста е класифициран како настант кој се случува ретко.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-001/24* | **V-001** | SEC: Security related<br>ATM: ATM/CNS | Incident | 1/4/2024 |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот и испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препорака од настанот е произлезена неодложно имплементирање на CISM (Critical incident stress management) со процедури и обучени CISM peer експерти, со чија што имплементација би се влијаело директно врз контролорите на летање што ќе придонесе поефикасно справување со стресот и негативните симптоми што произлегуваат од него. Настанот е класифициран како настан кој се случува многу ретко.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-053/24* | **T-016** | ATM: ATM/CNS | Incident | 8/9/2024<br>11:00 AM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот и испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препорака за настанот нема.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-073/24* | **T-017** | ATM: ATM/CNS | Significant incident | 9/1/2024<br>10:45 AM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот и испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препорака е дадени во иднина доколку се повтори настанот, дополнително да се филтрира со несистемски оперативни тракови.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-063/24* | **T-020** | ATM: ATM/CNS | Incident | 9/10/2024<br>08:16 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препораки од повисоко ниво нема, но со напомена што побрзо имплементирање на новиот АТМ Систем. Препораки од пониско ниво кои произлегуваат од дополнителни причини се и понатаму да се евидентираат, следат и пријавуваат аномалии од ваков вид. Користењето на паметни уреди и други бежични гаџети да не се користат (т.е. airplane mode). Во иднина можна дислокација на работните станици во контролирана простоија во која е намелено вликанието на паметни уреди и други бежични гаџети.*

*Настанот е класифициран како неодреден, односно не биле на располагање доволно информации за да се одреди опасноста, а во однос на фрекфентноста е класифициран како настант кој се случува ретко.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-127/24* | **T-021** | ATM: ATM/CNS | Incident | 9/20/2024<br>05:00 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препораки од повисоко ниво нема, но со напомена што побрзо имплементирање на новиот АТМ Систем. Препораки од пониско ниво кои произлегуваат од дополнителни причини се и понатаму да се евидентираат, следат и пријавуваат аномалии од ваков вид. Користењето на смарт уреди и други бежични гаџети да не се користат (т.е. airplane mode). Во иднина можна дислокација на работните станици во контролирана простоија во која е намелено вликанието на паметни уреди и други бежични гаџети.*

*Настанот е класифициран како неодреден, односно не биле на располагање доволно информации за да се одреди опасноста, а во однос на фрекфентноста е класифициран како настант кој се случува ретко.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-064/24* | **A-031** | CTOL: Collision with obstacle(s) during take-off and landing<br><br>MAC: Airprox/ ACAS alert/ loss of separation/ (near) midair collisions | Incident | 9/8/2024<br>08:48 AM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препораки кои се однесуваат на работата на КЛ нема.*

*Настанот е класифициран како настан без ефект по безбедноста, а во однос на фрекфентноста е класифициран како настант кој се случува ретко.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-032/24* | **A-016** | NAV: Navigation error | Incident | 6/20/2024<br>08:25 AM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препорака е да се изработи договор за соработка помеѓу Одд. за ОБКЛ Скопје и АКЛ Охрид, со дефиниран начин на комуникација и координација помеѓу Извршините КЛ во соодветните единици. Настанот е класифициран како настан без ефект по безбедноста, но треба да се разгледа со сериозност, со цел да се спречи повторување.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-065/24* | **V-015** | ATM: ATM/CNS<br>OTHR: Other | Occurrence without safety effect | 9/9/2024<br>06:40 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ во кој се наведува дека настанот е упатен на Комисијата за култура и праведност на понатамошно разгледување.*

*Настанот е класифициран како настан без ефект по безбедноста, врз основа на тоа што ниту еден воздухоплов, а и работниор процес не бил засегнат од настанот.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-067/24* | **V-017** | ATM: ATM/CNS | Incident | 9/29/2024 |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ.*

*Препорака е воведување на pretactical регулации во координација на раководителот на одделение со експерти и дистрибуција на заклучоците до сите извршители на FLOW поцизија и супервизори.*

*Настанот е класифициран како неодреден инцидент, а фрекфентноста на вакви документирани слични настани е дека се случиле повеќе од еднаш на истата локација.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-070/24* | **A-034** | AMAN: Abrupt maneuver | Incident | 10/15/2024<br>8:45 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препораката е оперативен состанок меѓу КЛ и пилотите од Wizzair, а поуките кои произлегуваат од истиот да се претставаат пред останатите КЛ. Настанот е класифициран како значаен инцидент кој што вклучува услови кои укажуваат на тоа дека можеби би се случил голем инцидент, доколку опасноста не била отстранета. Фрекфенцијата на случување на вакви настани е класифицирана како ретка.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-132/24* | **MVR-001 / A-038** | OTHR: Other | Incident | 10/17/2024 |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен конечен извештај до АЦВ. Нема доволно влезни информации и не може да се извлечат заклучоци, сепак треба сериозно да се пристапи земајќи ги во предвид пријавите за ваков вид на настани во минатото со цел намалување на веројатноста или елиминирање на фактор, кој би предизвикал сличен или друг настан. Настанот е класифициран како неодреден.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-072/24* | **A-036** | AMAN: Abrupt maneuver<br>ATM: ATM/CNS | Incident | 10/21/2024<br>1:30 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препорака во однос на работата на КЛ нема. Настанот е класифициран како значаен настан, кој вклучува услови кои укажуваат на тоа дека можеби би се случила несреќа, сериозен инцидент или голем инцидент, доколку опасноста не била отстранета.*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *MK-OCC-120/24* | **T-030** | ATM: ATM/CNS | Incident | 12/12/2024<br>4:01 PM |

*Corrective action / Корективни дејствија M-NAV*

*Настанот е испитан и е доставен извештај до АЦВ. Препорака нема. Настанот е класифициран како неодреден, односно не биле на располагање доволно информации за да се одреди опасноста.*

# 10. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА НАСТАНИ ЗА 2023 ГОДИНА И 2024 ГОДИНА

| Months | 2023 | 2024 | Total |
|---|---|---|---|
| Jan | 6 | 6 | 12 |
| Feb | 7 | 4 | 11 |
| Mar | 5 | 5 | 10 |
| Apr | 7 | 15 | 22 |
| May | 8 | 9 | 17 |
| Jun | 12 | 12 | 24 |
| Jul | 13 | 22 | 35 |
| Aug | 18 | 13 | 31 |
| Sep | 15 | 17 | 32 |
| Oct | 5 | 5 | 10 |
| Nov | 7 | 16 | 23 |
| Dec | 1 | 8 | 9 |
| **Total** | **104** | **132** | **236** |

Табелата и графикот ја прикажуваат компаративната анализа од базата на податоци евидентирана во системот ECCAIRS за настаните од 2023 и 2024 година.

Вкупно 132 безбедносни настани се доставени до Агенцијата за цивилно воздухопловство во 2024 година во споредба со 104 безбедносни настани во 2023 година. Бројот на пријавени настани во 2024 година е значително поголем во споредба со минатата година благодарение на поголемата свесноста на воздухопловните субјекти и пошироката јавност да пријавуваат настани до Агенцијата.

Може да се забележи дека во летниот педиод се до септември бројот на настани значитено се зголемува поради зголемениот одем на сообраќај.



## Компаративна анализа за 2023 и 2024 година по класа на настани,

| Months | 2023 | 2024 | Total |
|---|---|---|---|
| Incident | 52 | 90 | 142 |
| Not determined | 44 | 36 | 80 |
| Occurrence without safety effect | 5 | 2 | 7 |
| Serious incident | 1 | 1 | 2 |
| Significant incident | 2 | 3 | 5 |
| **Total** | **104** | **132** | **236** |




Може да се заклучи дека за двете години најмногу настани се класифицирани како инциденти, настани кои влијаат или можат да влијаат врз безбедноста на работењето на воздухопловот/ите, вкупно 90 настани за 2024 година и вкупно 52 настани за 2023 година. Бројот на значајни инциденти е зголемен во 2024 година, повеќето поврзани со ACAP предупредувања, како и блиски средби меѓу авионите во лет.

## Компаративна анализа за 2023 и 2024 година по категорија на настани




Табелата и графикот ја прикажуваат компаративната анализа од базата на податоци за настаните од 2023 и 2024 година по категорија. Од приказот може да се заклучи дека за двете години најмногу настани се категоризирани како ATM/CNS, настани кои вклучуваат проблеми со комуникациите, навигацијата или надзорот (CNS), вкупно 36 настани за 2023 година и вкупно 38 настани за 2024 година. Од приказот може да се види и дека за 2024 година се појавуваат дополнителни кодирања за категорија на настани што се должи на поголем број пријавени настани.

## Компаративна анализа за 2023 и 2024 година по категорија Bird strike

| Months | 2023 | 2024 | Total |
|---|---|---|---|
| Jan | 1 | 1 | 2 |
| Mar | 1 | | 1 |
| Apr | 3 | 4 | 7 |
| May | 1 | 4 | 5 |
| Jun | | 4 | 4 |
| Jul | 2 | 11 | 13 |
| Aug | 6 | 7 | 13 |
| Sep | 6 | 3 | 9 |
| Oct | 1 | | 1 |
| Nov | 1 | 5 | 6 |
| Total | 22 | 39 | 61 |

Категоријата BIRD: Bird strike вклучува настани кои се поврзани со судир и/или потенцијален судир со птици. Во базата на Агенцијата за цивилно воздухопловство со оваа категорија се евидентирани вкупно 39 настани во 2024 година и вкупно 22 настани во 2023 година. Сите пријави имаат класа на сериозност, инцидент.

Споредувајќи ги податоците на месечно ниво, може да се забележи дека во 2024 година бројот на пријавени настани со категорија BIRD: Birdstrike е во пораст споредено со претходната година.



# 11. ЗАКЛУЧОК

Годишниот преглед ги презентира податоците за постигнатото ниво на воздухопловна безбедност за 2024 година и ги сумира регулаторните правила и мерките поврзани со пријавите за настаните во воздухопловството со цел да се одржи или подобри постигнатото ниво на воздухопловна безбедност.

Мисијата на ECCAIRS е да обезбеди дигитална платформа која овозможува имплементација на одредбите дефинирани во Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови како и начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите (Сл.весник 67/2023). ECCAIRS ги поддржува воздухопловните власти во собирањето, споделувањето и анализирањето на информации за воздухопловната безбедност, со крајна цел подобрување на воздухопловната безбедност. Користењето на ECCAIRS, како алатката во креирање на прегледот и статистичките податоци за безбедноста во воздухопловството, е еден од чекорите во исполнување на методите на Предиктивниот метод (Predictive method) за управување со безбедноста во воздухопловството.

Споредувајќи ги податоците од минатата година очигледно е дека има поголема свесност кај воздухопловните субјекти за пријавување на безбедносни настани во 2024 година. Бројот на пријавени безбедносни настани во 2024 година е значително зголемен благодарение на напорите на Агенцијата за цивилно воздухопловство да ја промовира и потенцира важноста на пријавувањето.

Од тренд анализата може да се забележи пораст на пријавени настани за 2024 година, што укажува на зголемување на степенот на имплементација на проектот Just culture, кој има за цел, да ги мотивира вработените во воздухопловната индустрија, во согласност со значењето на проектот за праведна култура, да се охрабрат и да ги пријавуваат настаните и инцидентите во воздухопловната пракса и на тој начин, да дадат свој придонес, во намалувањето на бројот на настани со кои се соочуваат во своето работење. Пријавувањето на настани во согласност со законските одредби е со цел да се утврдат причините за да се спречи настанувањето на несреќи и инциденти, а не утврдување на вина или одговорност.

Во изработување на прегледот на настаните за 2024 година, во соработка со инспекторите на Агенцијата за цивилно воздухопловство се следени настаните со евидентирање на корективните дејствија од извршените инспекциски надзори до нивно затварање.